# КАРПОШ
## НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН




















# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ООУ „ВЛАДО ТАСЕВСКИ” ПОБЕДНИЦИ НА УЧИЛИШНИОТ ФУДБАЛСКИ КУП НА КАРПОШ

Во финалниот натпревар кој се одигра денеска на спортското игралиште во населбата Влае, учениците од ООУ „Владо Тасевски” ги совладаа своите ривали од ООУ „Аврам Писевски” и го освоија училишниот фудбалски Куп, кој по четврти пат го организира Општина Карпош, по повод роденденот на локалната самоуправа 3. ноември.

Фудбалерите од Козле беа убедливи против бардовчани и веќе по првото полувреме обезбедија солидна предност од 4:1. Во тимот на „Владо Тасевски”, одлично функционираше нападот и средниот ред, а во второто полувреме нивната одбрана беше само еднаш „матирана” и во продолжение успеаја натпреварот рутински да го доведат до крај, со конечен резултат од 4:2.

На денешното финале присуствуваше и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, кој во оваа пригода на основците им ги врачи дипломите за учество и победничкиот пехар на овогодинешните освојувачи на Купот.












# ОПШТИНА КАРПОШ ДОБИ НОВ СОВЕТ

Денеска, во конференциската сала на Спортско рекреативниот Центар „ Борис Трајковски", се одржа првата ( конститутивна) седница на Советот на Општина Карпош. На оваа седница Комисијата за прашања на верификација, мандатни прашања, избори и именувања, ги верифицираше мандатите на новоизбраните членови на Советот на Општина Карпош. Претходниот претседател на Советот на Општина Карпош Сашо Лазаровски им се заблагодари на советниците од минатиот мандат 2013-2017 година, на општинската администрација и на досегашниот градоначалник на Општина Карпош Стевчо Јакимовски за соработката и за реализираните проекти во Општината. Потоа, најстариот советник во овој мандат Димитар Зимбаков, претседаваше со конститутивната седница. На предлог на мнозинството советници, акламативно поддржан од сите советници и советнички групи за нов претседател на Советот на локалната самоуправа е избран Душко Весковски.

Весковски, им го честиташе изборот на сите советници, и на новиот градоначалник на Општина Карпош Стефан Богоев, и нагласи дека очекува конструктивна соработка за доброто на граѓаните на Општина Карпош.

Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, им го честиташе изборот на новите советници во Советот на Општината за 2017-2021, и истакна дека очекува плодна соработка, со која ќе се реализираат проекти со кој ќе се подобри квалитетот на живот во Општина Карпош.

- Сакам да потенцирам, дека јас како кандидат за градоначалник на Општина Карпош, и вие како кандидати за советници во Советот на Општина Карпош, сме биле кандидати од различни политички партии и опции. Но сега, јас како градоначалник на Општина Карпош, и Вие како избрани советници во Советот на Општината, сме функционери кои ќе работат во интерес на сите граѓани на локалната самоуправа, и оттука, убеден сум дека во овој четиригодишен мандат ќе имаме одлична соработка.

Првиот човек на Општина Карпош Стефан Богоев, напомена дека во духот на демократијата е советниците да имаат различни мислења, и дека секое излагање на советниците ќе го смета за конструктивна критика, и е нормално во демократските држави, советници од мнозинството, да не се согласуваат секогаш со ставовите на коалициската група, или пак со ставот на градоначалникот.




БОРИС ТРАЈКОВСКИ


За Карпош кој го сакам!
MAKSTIL
STOBI
БЕТОН
MAKSTIL


STOBI
БЕТОН
MAKSTIL
ТИНА
ОШ
БОРИС ТРАЈКОВСКИ

# ЈАН АМОС КОМЕНСКИ ПОБЕДНИЦИ НА КОШАРКАРСКИОТ КУП

По повод Деновите на Општина Карпош, во Спортско рекреативниот центар „Борис Трајковски", денеска се одигра финалниот натпревар од кошаркарскиот куп помеѓу ООУ „Димо Хаџи Димов" и ООУ „Јан Амос Коменски".

Во малата сала, пред многубројната публика, кошаркарите од ООУ „Јан Амос Коменски", со резултат од 63:25 ги победија своите врсници од ООУ „Димо Хаџи Димов". Градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, им додели дипломи на кошаркарите од двата тима, додека на освојувачите на Купот им го додели победничкиот пехар.









КАРПОШ



# ЛИКОВНА ЧЕСТИТКА ЗА ОПШТИНА КАРПОШ

Основците од Карпош на специфичен начин и го честитаа 41. роденден на Општината (3. ноември), приредувајќи ликовен хепенинг и изложба на уметнички творби во Кинотеката на Македонија. Оваа манифестација ја организира Детскиот ликовен центар, под покровителство на локалната самоуправа. Околу дваесетина ученици од сите основни училишта од Карпош, денеска ги истакнаа своите уметнички креации кои ги изработија во акрилна техника и темперни бои.



# ОПШТИНА КАРПОШ ПРОДОЛЖУВА СО СВОЈАТА ХУМАНОСТ

Традиционално, како и секоја година, продолжи хуманитарната акција „ Да бидеме хумани, за нашите соседи“ пред поголемите супермаркети на територијата на Општина Карпош. Денеска, и утре, карпошани од 10-13:00 часот, ќе можат да донираат прехранбени продукти, кондиторски производи и средства за лична хигиена, кои потоа ќе бидат распределени на социјално ранливите категории на граѓани. Како што истакна и градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев, пред маркетот „ Тинекс“ во населбата Карпош 2, стратешка цел на локалната самоуправа во иднина ќе биде намалување на бројот на овие лица, односно истите да да бидат вработени, и да не спаѓаат во оваа категорија на граѓани.

- Како градоначалник на Општина Карпош, заедно со општинската администрација во иднина ќе работиме, овие социјално загрозени наши сограѓани да најдат работа, да можат да заработуваат и да си обезбедат достоинствен живот. Денес јас донирав пакет потребни прехранбени производи и средства за лична хигиена, како еден симболичен гест со кој ќе им помогнеме на нашите сограѓани, но како што потенцирав, наша заложба ќе биде тие да се вработат, и да остваруваат приходи, категоричен беше Богоев.

Првиот човек на Општина Карпош нагласи дека карпошани се хумани луѓе, кои несомнено ќе се вклучат во оваа акција, со која ќе помогнат на своите соседи. Хуманитарната акција се одвива по повод Деновите на Општина Карпош, и истата во текот на годината се организира и за време на Божиќните и Велигденските празници.






# СТАРТУВАШЕ НА „БИЗНИС БАСКЕТ ЛИГАТА“ ВО КАРПОШ

Екипите на Општина Карпош и порталот „zase.mk“ со победа во првото коло го означија почетокот на третата по ред „Бизнис Баскет Лигата“ 2017/18, која започна викендов, в сабота, во салата на Спортскиот центар „Форца“. Карпошани ја совладаа екипата на ЈСП – Скопје со 2:1, а тимот на „zase.mk “ беа убедливи против составот на „Ендава“ со 2:0 во добиени меѓусебни натпревари. Организатор на баскет лигата е С.Ц „Форца“, а покровител е локалната самоуправа од Карпош.

Оваа година во аматерското кошаркарско натпреварување ќе учествуваат девет екипи, кои ќе ги одмерат своите сили во есенски и пролетен дел. Баскет лигата официјално ја прогласи за отворена, претседателот на Советот на Општина Карпош, Душко Весковски, кој во оваа пригода на натпреварувачите им посака успех во претстојните дуели и нагласи дека Општината ќе продолжи да ги поддржува спортските манифестации од овој тип.

За трите првопласирани екипи се предвидени соодветни награди. Победниците ќе патуваат во Грција, второпласираните во Бугарија, додека пак, третата екипа ќе има можност бесплатно да ја користи спортската сала во СЦ „Форца“.



# ИНСПЕКТОРИТЕ НА КАРПОШ ВО ПРОВЕРКА НА ПРАВИЛАТА ЗА ГРАДБА НА ПОГОЛЕМИТЕ ГРАДИЛИШТА

По неколкукратни реакции од страна на жители на Општина Карпош, локалната самоуправа почна со контрола на сите поголеми градилишта на нејзина територијата.

Станува збор за редовни контроли кои секојдневно ќе ги вршат градежните и комуналните инспектори од Општината на сите поголеми градежни објекти коишто со нивната реализација создаваат проблеми во секојдневната комуникација на граѓаните, било со отежнат сообраќај по коловозите, лош пристап и движење за пешаците, или со создавање прав и шут во непосредна близина на други станбени објекти.

Целта на инспекцискиот надзор  е да се констатира и увиди колку инвеститорите, односно изведувачите на градежните зафати ги почитуваат процедурите и правилата за градба и притоа внимаваат на заштитата на околината околу објектот.

# УСПЕХ НА ЏУДИСТИТЕ ОД КАРПОШ

Спортистите од џудо клубот „ИПОН", викендов забележаа забележителен успех на 16. Меѓународен џудо турнир „Прилеп опен 2017", кој се одржа во организација на ЏК „Пролетер" во салата на СОУ „Ристе Ристески – Ричко" во Прилеп.

Во категоријата кадети до 73 кг. Ангел Ангелов го освои првото место, а Сухејб Хајрула во истата категорија до 50 кг. ја обезбеди третата позиција. Кај помладите пионери, трето место обезбедија Валјон Ајдини (до 34 кг.) и Бурак Синани (до 46 кг.). Во категоријата постари пионери, Румејса Фејзула се избори за два златни медали (до 63 кг. и над 63 кг), а Елена Попоска (над 63 кг.), се искачи на третата позиција и ја освои бронзата во оваа категорија.






# ОСНОВКИТЕ ОД ДИМО ХАЏИ ДИМОВ ШАМПИОНКИ ВО ОДБОЈКА

Во фискултурната сала на ООУ „Христијан Тодоровски- Карпош“, денеска, одбојкарките од ООУ „Димо Хаџи Димов“ и ООУ „Петар Поп Арсов“, го одиграа финалниот натпревар од одбојкарскиот куп по повод Денот на Општина Карпош 3-ти Ноември.

Во еден неизвесен и изедначен спортски натпревар, основките од „Димо Хаџи Димов“ победија во одлучувачкиот сет со 15:13, или вкупно во сетови 2:1. Претседателот на Советот на Општина Карпош Душко Весковски им додели дипломи на второпласираните одбојкарки од Петар Поп Арсов, додека Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев им го честиташе успехот на победничките од „Димо Хаџи Димов“, доделувајќи им дипломи но и победничкиот пехар.







# ЗАЕДНО ДО ПОДОБРА МЕЃУЕТНИЧКА СОРАБОТКА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

Во салата на Домот на хуманитарни организации „Даре Џамбаз“ во Скопје, вчеравечер, ООУ „Лазо Трповски“ од Општина Карпош, со своето партнер училиште ООУ „Лирија“ од Општина Чаир, на специфичен начин ја заокружија завршницата на проектот за меѓуетничка интеграција во образованието, со наслов „Против насилство - под исто небо“.

По повод одбележување на својата досегашна соработка, основците организираа модна ревија на традиционални облеки, заеднички изработија музичка позадина за настанот и се претставија преку изложба на цртежи и рачни изработки. На манифестацијата беше прикажан краткиот филм „Под исто небо“ во режија на Јане Алтипармаков, и беа изложени фотографии од Наташа Гелева. На овој начин низ аудио-визуелна техника беа илустрирани досегашните заеднички активности на учениците, кои тие ги реализираа во рамки на проектот.

Вечерта, комисијата ги прогласи тројцата наградени ученици на литературниот конкурс кој беше распишан на национално ниво на мајчин јазик, кои напишаа творби на тема „Против насилство – под исто небо“. Првата награда ја освои Марија Антониева од ООУ „Вера Циривири Трена“ (Општина Карпош), второнаградена беше Деа Сулејмани од ООУ „Лирија“ (Општина Чаир), а карпошанецот Васил Наумовски од ООУ „Димо Хаџи Димов“ ја доби третата награда.

Како што велат координаторите на проектот - Татјана Бошковиќ и Соња Јовановска, манифестацијата има за цел да ја донесе пораката за успешна соработка меѓу сите учесници во проектот, за умешноста на соживотот и придонесот на секоја индивидуа во она што значи живеење под исто небо.

Проектот „Против насилство-под исто небо“, го реализираа Младинскиот центар за еднакви можности и неформалната група граѓани поддржани од програмата Цивика мобилитас.



# КАНЦЕЛАРИЈА ЗА МАТИЧНИ ДОКУМЕНТИ ВО КАРПОШ

Денеска, во кабинетот на градоначалникот на Општина Карпош Стефан Богоев во официјална посета беше директорот на Управата за водење на матични книги Ѓоко Котевски.

На работната средба се разговараше за отворање на подрачна канцеларија на Управата за водење на матични книги на територијата на локалната самоуправа. Во неа граѓаните на Карпош ќе можат да добиваат официјални документи кои ги издава оваа институција, а кои се од исклучително значење за жителите на Карпош.

